**Инфо билтен – март 2025 година**



**#ЗаедноЗаКлиматскаАкција**

Делегација од градоначалници и претставници на 8 општини од Македонија и Министерството за животна средина и просторно планирање учествуваа на студиска посета во Шведска посветена на климатска акција. Учесниците имаа средби со претставници на општините Малме и Лунд, како и со универзитетите во Малме и Лунд и имаа можност да посетат локации каде климатската акција и одржливото урбано планирање се практично применети и видливи.

На 13-14 март во Скопје, Еко-свест организираше работилница за подобрување на комуницирањето на климатските промени помеѓу сите засегнати страни но и со јавноста, а во насока на зголемување на знаењата и информациите за овие теми кај надлежните институции и граѓанските организации кои работат на темите заради постигнување на зацртаните климатски цели на земјата и подигнување на свеста кај граѓаните.

Доколку како граѓани или граѓански организации имате потреба за помош при добивање информации или составување на барања до официјални лица

Sweden Sverige

Проектот "Граѓанските организации во акција за климатските промени" е финансиски поддржан од страна на Шведска. Изразените ставови и мислења се на организациите кои го спроведуваат проектот и нужно не ги одразуваат ставовите и мислењата на владата на Шведска.

и институции од областа на животната средина, побарајте правна поддршка од Еко-свест со пополнување на овој едноставен формулар.

Ако ви требаат конкретни и практични информации за различни прашања поврзани со правната регулатива и можностите кои им стојат на располагање на организациите и граѓаните за остварување на нивните права, пристап до информации и до правда и учество на јавноста, прегледајте ги овие корисни видеа.

Доколку вашата организација или институција има објавено документи и публикации поврзани со климатските промени и сродни теми во изминатите 5 години (од 2019 година наваму) и истите се јавно достапни, публикувани и објавени онлајн, ве молиме да ги споделите преку оваа кратка анкета.

**Енергија**

Како дел од програмата New Energy Academy 2025, се запознавме со првата енергетска заедница во Р. Бугарија, EC RDNO – Габрово, која претставува континуиран процес и на енергетска транзиција и на социјални иновации. За да се справи со предизвиците на енергетскиот пазар, општината создава нов модел за користење на обновливи извори на енергија во заедницата. Есеноска бевме и во првата енергетска задруга во Северна Грција.

Почнете да произведувате чиста и бесплатна енергија за вашиот дом! Соларното просумерство ви овозможува да ги намалите трошоците за електрична енергија и да придонесете за одржливи практики. Како до фотоволтаична електрана за вашиот дом? Дознајте повеќе на порталот за македонското просумерство, prosumer.mk.

Погледнете ја публикацијата „Нова енергетска визија за Битола" и дознајте како младите и иновациите можат да ја трансформираат енергетската иднина на градот преку одржливи решенија.

Прочитајте повеќе тука: Зошто е важно да се воспостават законски решенија за климата со кои би се овозможило поврзување на законите од повеќе сектори со цел намалување на стакленичките гасови во земјата. Видео од 6 минути.

Двете сезони од серијалот за клима и енергија се овде. Искористете го првиот слободен викенд и изгледајте ги сите десет кратки епизоди во еден здив.

Дознајте повеќе зошто фосилниот гас претставува ќор-сокак на патот кон енеретската трансформација на Македонија и не треба да биде преодно

Проектот "Граѓанските организации во акција за климатските промени" е финансиски поддржан од страна на Шведска. Изразените ставови и мислења се на организациите кои го спроведуваат проектот и нужно не ги одразуваат ставовите и мислењата на владата на Шведска.

гориво кое наместо да помогне, ќе ја зароби државата на секое можно поле, на www.toxic.mk.

### Заштита на природа

Еко-мапа е алатка за мапирање на податоци поврзани со животната средина. Главната цел на мапата е мапирање на сите еко-проблеми и позитивни практики за справување со климатските промени на мапа на Македонија и нивниот сооднос со сет други административни, ортофото, топографски и тематски мапи, како и мапи за заштитени подрачја во Македонија. Како дел од Еко-мапа е развиен модул за пријавување еколошки проблеми и за истиот има мобилна апликација на Android PlayStore.

Европски пакт за иднината – нов зелен и социјален договор за одговорна и одржлива економија во Европа. Поддржете ја оваа иницијатива!

### Еко-свест Вевчани

Работилница со ученици од ООУ Страшо Пинџур - Вевчани, од стари и истрошени дрва од патокази и информативни табли изработивме клупи за седење, кои ќе бидат поставени на јавни места за да им служат на граѓаните.

На 15 март организиравме посета на Трајната поставка за природа „Патување низ природните богатства на Вевчански Извори‟ за дечињата од Тајните на Моето Срце (Здружение на родители на деца со посебни потреби), во соработка со ЗП Великамен. Дечињата имаа можност да истражуваат и да учат за уникатната флора и фауна на планината Јабланица, низ забавни и едукативни активности.

### Публикаци

Нова енергетска визија за Битола – ученички проекти (ПДФ)

### Медиуми

Битолчани на протест кажаа стоп за регионална депонија во Пелагонија (Телма ТВ)

Sweden Sverige

Проектот "Граѓанските организации во акција за климатските промени" е финансиски поддржан од страна на Шведска. Изразените ставови и мислења се на организациите кои го спроведуваат проектот и нужно не ги одразуваат ставовите и мислењата на владата на Шведска.

Македонците „со своето здравје го плаќаат“ нерешавањето на проблемот со аерозагадувањето (БалканИнсајт)

Арктикот соборува рекорди, последиците ќе ги почувствува целиот свет (МКД.мк)

**Забелешка:** Овој инфо билтен е наменет за меѓусебно информирање за настани, активности и повици на еколошките организации и релевантните институции. Пораката ја добивте бидејќи сте регистрирани на една од GoogleGroups climatecoalitionmk и/или ekosfera. Доколку не сакате да го добивате овој инфо билтен, пратете порака на info@ekosvest.com.mk

Sweden Sverige

Проектот "Граѓанските организации во акција за климатските промени" е финансиски поддржан од страна на Шведска. Изразените ставови и мислења се на организациите кои го спроведуваат проектот и нужно не ги одразуваат ставовите и мислењата на владата на Шведска.